**ЗАПИСНИК**
**од 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 27.02.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Арбен Саити, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од првото продолжение на 6-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 23.02.2023 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 7-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.02.2023 година.
3. Извештај за годишна сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година со Предлог-одлука за усвојување на годишната сметка.
4. Предлог-одлука за доделување на дозвола за телевизиско емитување преку ЈЕКМ што не користи ограничен ресурс на регионално ниво.
5. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: мобилна телефонија.
6. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка- услуга: одржување на хигиена.
7. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од првото продолжение на 6-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 23.02.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 7-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.02.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Извештајот за годишна сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година со Предлог-одлука за усвојување на годишната сметка. Објасни дека Агенцијата согласно Законот за сметководство за непрофитни организации, ја доставува годишната сметка за претходната година, најдоцна до 28 февруари во тековната година. Вкупно остварените приходи во 2022 година изнесуваат 84.020.798,00 денари. Најголем дел од овие приходи односно 54.430.568,00 денари што преставува 64,78% од вкупните приходи, се за финансирање на радиодифузната дејност од Буџетот на РМ (односно 54.000.000,00 денари) и наплатена радиодифузна такса од минати години во износ од 430.568,00 денари. Финансирањето по наведениот основ и во 2022 година е во помал процент од тој што е утврден во Законот и истиот изнесува 0,412% од приходите во 2021 година, наместо 1%. Од дозволи за вршење радиодифузна дејност се остварени приходи 17.931.404,00 денари, додека од надзорот за реемитување на програмски сервиси и аудиовизуелни медиумски услуги по барање се остварени приходи од 10.525.447,00 денари. Останатите приходи се остварени од транзитни фактури во износ од 1.047.263,00 денари, од Агенцијата за млади и спорт и Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор како и други приходи во износ од 77.195,00 денари, односно приходи од Буџетот на Република Северна Македонија за изборните активности кои се одвиваа во 2021-ва година во износ од 7.962,00 денари и од позитивни курсни разлики во износ од 959,00 денари. Вкупните направените расходи во 2022-ра година изнесуваат 94.601.988,00 денари. Најголеми расходи се за исплата на бруто плати на вработените во стручната служба, во износ од 51.194.894,00 денари што преставува 54,11% од вкупните расходи. Други поголеми расходи се однесуваат на надоместоци за членовите на Советот на Агенцијата во износ од 9.020.301,00 денари, за сервисирање и одржување на средствата на Агенцијата во износ од 8.267.410,00 денари, расходи за потрошена електрична и топлинска енергија во износ од 4.841.756,00 денари, расходи за ангажирање на надворешни соработници преку Агенција за привремени вработувања, за ангажирање на биро за преведување, за одржување на хигиената во деловните простории и за надворешна контрола на ИКТ во износ од 3.989.396,00 денари. Сите направени расходи се пониски од планираните расходи на наведените позиции во усвоениот Финансиски план за 2022-та година. Вкупните побарувања на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според годишната сметка за 2022-ра година изнесуваат 2.880.071,00 денари и во најголем дел се однесуваат на издадени фактури во минати години. Вкупните обврски кои ги има

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кон доверителите според годишната сметка за 2022-ра година изнесуваат 1.982.267,00 денари. Овие долгови се однесуваат за недоспеани обврски, кои во најголем дел се платени во месец јануари 2023-та година. Сметководствената вредност на основните средства во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на крајот на 2022-ра година изнесува 298.632.286,00 денари. Во наредната 2023 година, по годишната сметка ќе бидат пренесени средства во вкупен износ од 142.648.344,00 денари. Разликата од околу 10 милиони денари од поголеми расходи во однос на приходи се должи на донацијата која што ја даде Агенцијата на радиодифузерите во висина од 50% од надоместокот за дозволите кои што требаше за радио и телевизиско емитување да ги платат и во основа изнесуваше 19 милиони и 500 илјади денари. Доколку не беше донацијата Агенцијата ќе беше за околу 9 милиони денари во плус без оглед на тоа што скоро 58% се помалку префрлени средства од Буџетот на РСМ на сметката на Агенцијата.

Г-дин Фиданоски рече дека бројките кои се наведени во материјалот во врска со расходите што ги имала покажуваат дека во АВМУ апсолутно домаќински се работело во текот на изминатата година. Сите ставки покажуваат дека помалку се потрошило во однос на предвиденото. Она што особено го радува е ставката за електрична енергија за која што минатата година се правеше измена на Финансискиот план и се предвиде поголем износ за кој што потоа испадна дека е помал, иако тоа е нешто што целосно не зависи од Агенцијата туку и од цените на електрична енергија на берзите. Она што во целата оваа слика не е добро и се провлекува во континуитет е тоа што Агенцијата не ги добива во целост средствата кои што законски се предвидени од Буџетот, а за кои што средства секоја година се зголемува тој јаз. Пресметано е дека за минатата година требаше да се добијат околу 130 милиони денари. Ако се погледне донацијата што се даде на радиодифузерите од 50% помал износ од годишниот надоместок за дозволата, со вкупните трошоци, остатокот практично е како за 100% да се ослободат сите радиодифузери од плаќање на надоместок, таа разлика од тоа што требаше да се добие и трошоците што сме ги направиле минатата година што покажува колкав е тој јаз. Оваа година треба да биде уште поголема таа бројка, дали ќе се оствари или не сè уште не се знае, да се надеваме дека ќе се оствари, меѓутоа континуитетот вели дека треба да бидат скептични. На крајот се изјасни дека ќе даде поддршка за усвојување на Извештајот.

Г-дин Трајчевски, процедурално, рече дека разликата од 84 милиони денари до 130 милиони денари е затоа што тука се додаваат само 54 милиони денари кои се добиваат од Владата, другото е од други приходи што ги остварува Агенцијата, така што разликата е 80 милиони денари. Ако се добие вкупната сума од Владата и со другите приходи што ги остварува Агенцијата, тогаш вкупните приходи на АВМУ би биле 179 милиони денари така што во тој случај на крајот на годината би имало 80 милиони денари вишок на средства.

Г-дин Фиданоски рече дека во целост се согласува со директорот. Објасни дека само сакал да направи една „весела математика“ за овие две ставки дека разликата меѓу овие две е доволна за 100% ослободување, а не е спорно дека заедно со другите приходи што ги има Агенцијата од операторите, транзитните фактури, заостаната радиодифузна такса, доаѓа до приближно 3 милиони евра во денари. Оваа година би требало да има над 150 милиони денари според проекцијата на Буџетот, ако се почитуваат тие 6%.

Г-дин Ајдини рече како што се навикнале од минатите години, така и претходната година Агенцијата работела домаќински. И покрај тоа што требаше средствата од Буџетот на РСМ да ги добие АВМУ во целост и со доделената донација сепак се гледа дека финансиската состојба на Агенцијата е стабилна, а тоа значи дека и понатаму ќе може да работи и да ги извршува законските обврски. Се изјасни дека ќе даде поддршка.

Г-дин Петрушевски исто така рече дека ќе даде поддршка за Извештајот за годишна сметка на Агенцијата

Советот на Агенцијата го прифати Извештајот за годишна сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година бр.05-849/1 од 23.02.2023 година и едногласно донесе Одлука за усвојување на годишната сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година.

Согласно член 19 од Законот за сметководството за непрофитните организации, годишната сметка се доставува до Управата за јавни приходи и до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар до крајот на месец февруари наредната година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за доделување на дозвола за телевизиско емитување преку ЈЕКМ што не користи ограничен ресурс на регионално ниво. Објасни дека се предлага на правното лице ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје да му се додели дозвола за емитување на регионално ниво, на територија на Скопје и општини кои се дефинирани во подзаконскиот акт со претежно забавен општ формат, на македонски јазик. Овој иден радиодифузер првиот интерес го искажа на 31.05.2021 година. Потоа пред официјално да се поднесат сегашните документи, одржани се два состаноци во присуство на адвокатите на правното друштво. Првиот состанок беше на 11 јули 2022 година на кој што доставија на увид документација со барање за доделување на дозвола. Од увидот се утврди дека документацијата не е комплетна. Потоа следниот состанок е одржан на 7 ноември 2022 година на кој што повторно беше доставена документација на увид. Од документацијата беше видно дека дел од забелешките беа коригирани, но сепак имаше одредени недостатоци кои треба да се отстранат, така што на 21.12.2022 година подносителот на барањето повторно достави дополнување. На подносителот на барањето му беше доставен Допис-Известување да ги отстрани недостатоците и повторно го задолжи во рок од 10 дена од денот на приемот на Известувањето, да го дополни Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс. На 25.01.2023 г., подносителот на барањето, правното лице ДПТПУ ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје до Агенцијата, повторно достави дополнување на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување. По неговото разгледување се утврди дека истото е уредно и целосно. Од таа причина се предлага до Советот да се донесе наведената Одлука.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик, на регионално ниво, зона на распределба D1 Црн Врв – подрачје на регионално ниво

Скопје (град Скопје и општините Чучер Сандево, Арачиново, Илинден, Петровец, Зелениково, Студеничани и Сопиште), на правното лице Друштво за производство туризам промет и услуги ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС 7523602.

Телевизискиот програмски сервис ќе се емитува преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс.

Трговското радиодифузно друштво, кое ќе биде основано од правното лице Друштво за производство туризам промет и услуги ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје, на кое му е доделена дозволата, се обврзува да започне со вршење на дејноста на 1.05.2023 година.

Секторот за правни и јавни набавки во рок од 5 дена од денот на издавањето на предметната дозвола за емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, да го извести операторот преку кој ќе се емитува програмскиот сервис, да склучи договор со радиодифузерот почитувајќи ги принципите на објективност, транспарентност и недискриминација.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето на идната телевизија и посака успех во работењето, посебно што во овие тешки времиња е реткост да се отвара нов медиум кога се гледа дека во последно време имаше медиуми кои го згаснаа своето работење.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: мобилна телефонија. Објасни дека договорот кој ќе произлезе ќе се склучи за период од две години. Според износот на средствата набавката ќе биде спроведена како поедноставена отворена постапка што значи дека огласот за оваа набавка ќе биде објавена на електронскиот ситем за јавни набавки и во Службен весник на РСМ. Наведе дека сите останати податоци за начинот како ќе се изврши оваа постапка, условите, роковите и другите релевантни податоци се содржани во материјалот по точката.

Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи м-р Арбен Саити објасни дека во однос на претходната спецификација која беше пред 2 години оваа година има повеќе побарувања од идниот економски оператор кој ќе ја обезбеди оваа услуга. Наведе дека ставката за интернет е зголемена во двата пакети. Исто така зголемено е и роаминг зборувањето како и роаминг интернетот кој сега се нуди во двата пакети. Основниот пакет ќе има роаминг интернет од 2 GB, 50 GB интернет, додека поголемиот пакет ќе има 70 GB интернет, 150 минути зборување во странство, 100 минути во роаминг и 5 GB роаминг интернет. Објасни дека се зголемени перформансите од пред 2 години за кои што смета дека ќе ги задоволат потребите на Агенцијата. Во техничката спецификација е вклучено да економскиот оператор ако нуди услуги за 5Г тоа да го нуди и на Агенцијата што значи дека и мобилните телефони кои ќе се набавуваат треба да ја поддржуваат 5Г мрежата.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе одлука за набавка на услуга – мобилна телефонија.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот - услуга: мобилна телефонија е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2023 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4766/1 од 23.12.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година, односно ќе бидат дообезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за 2024 година.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: одржување на хигиена. Објасни дека според износот на средствата набавката ќе биде спроведена како поедноставена отворена постапка што значи дека огласот за оваа набавка ќе биде објавена на електронскиот систем за јавни набавки и во Службен весник на РСМ а договорот кој што ќе произлезе ќе биде склучен за период од 1 година. Наведе дека сите останати податоци за начинот како ќе се изврши оваа постапка, условите и роковите и другите релевантни податоци се содржани во материјалот по точката.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе одлука за набавка на услуга – одржување на хигиена.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот - услуга: одржување на хигиена е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2023 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4766/1 од 23.12.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година.

**Точка 7**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-857/6

08.03.**2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**